РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
MINISTRIA E TRANSPORTIT DHE LIDHJEVE
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И УРБАНИЗАМ
INSPEKTORATI SHTETËROR PËR NDËRTIMTARI DHE URBANIZËM
Бр.-Nr. 12-448/4
17.07. 2023 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**Република Северна Македонија**

**- Државен инспекторат за градежништво и урбанизам -**

**Одделение за нормативно правни, општи и административни работи**

**Датум: 10.07.2023 година**

**До:**

**Куманово**

**Наш број: 12-448/3 од 15.06.2023 година**

**Предмет: Известување по Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Почитувани,

До Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам пристигнато е Барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под број 12-448/3 од 15.06.2023 година, со должна почит го разгледавме предметното барање за кое Ве известуваме следно:

Од причина која ова барање е дополнување на веќе одговорено барање за информации од јавен карактер, во прилог на овој допис Ви ги доставуваме дополнителните акти од постапката која е предмет на Вашето барање.

Со почит,

Прилог :

- Достава на Дополна на Записник Наш бр.09ип1-59 од 03.06.2023 година;
- Препраќање на предмет на надлежност до Министерство за транспорт и врски Наш бр.09ип1-59 од 05.06.2023 година и
- Дополна на Записник за извршен инспекциски надзор Наш бр.09ип1-59 од 05.06.2023 година;

**Изработил:**

Раководител на ОНПОАР

Република Северна Македонија
Министерство за транспорт и врски
Државен инспекторат за градежништво и урбанизам
Скопје

**в.д.Директор**

Република Северна Македонија
-Државен инспекторат за градежништво и урбанизам-

**Арх. Бр: 09ип1–59**
**Датум: 03.07.2023 година**

**До: Градоначалник на Општина Куманово**

**Предмет: Достава на Дополна на Записник**

Почитуван/а,

Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам врз основа на одредбите од Законот за градење (Сл.Весник на РМ со бр.124/10,.....,64/18, 168/18 и Сл.Весник на РСМ со бр.244/19,18/20 и 279/20, 227/22) и Налогот за вршење на вонреден инспекциски надзор издаден од страна на Директорот на инспекторатот, бр.01-432/1, на ден 05.06.2023 год. изврши вонреден инспекциски надзор над работата на сектор за урбанизам во Вашата општина. Од извршениот инспекциски надзор е составен Записник со бр. 09ип1-59 од 05.06.2023 год. кој Ви беше доставен на Ваше запознавање со содржината на записникот и негово потпишување.

Поради произлегување на нови факти и околности е изготвено Дополна на Записник со бр. 09ип1-59 од 05.06.2023, кој ви се доставува на Ваше запознавање со содржината на Дополна на записникот и негово потпишување.

Ако во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот, субјектот на инспекциски надзор не се произнесе по однос на доставениот записник или примерок од него не го врати потпишан, се смета дека е согласен со неговата содржина, чл.82 став 4 од Закон за инспекциски надзор (Сл. Весник на РСМ со бр.102/19).

Прилог:

- Дополна на Записник (2 ком) 09ип1-59 од 05.06.2023 год.

Со почит,

Самостоен градежен инспектор

Република Северна Македонија
- Државен инспекторат за градежништво и урбанизам -

**Наш број: 09ип1-59**
**Датум: 05.07.2023**

**До: Министерство за транспорт и врски**
**ул. Плоштад Црвена Скопска Општина бр.4**
**Скопје**

**Предмет: Препраќање на предмет на Ваша надлежност**

Почитувани,

Градежен инспектор при Државен инспекторат за градежништво и урбанизам врз основа на добиен налог за вршење на вонреден инспекциски надзор, арх.бр.01-432/1 од 05.06.2023 год., спроведе вонреден инспекциски надзор во Општина Куманово во врска со постапката која се води во општина Куманово по предмет Барање за издавање на Одобрение за градење со бр.21-уп1-4756. Со Записник за утврдена фактичка состојба, арх.бр.09ип1-59 од 05.06.2023 год. е утврдено дека од страна на Општина Куманово на подносителот на Барањето за добивање на Одобрение за градење му се ускратени законските права согласно Закон за градење за добивање на Одобрение за градење со пречекорување на роковите за постапување и одлучување по барањето дадени согласно Закон за градење кое се води во електронскиот систем е-одобрение за градење. Со Записник бр.09ип1-59 беше предвидено да се превземе инспекциска мерка, по 8-те дена од доставата на Записникот, Решение со задолжување со која ќе се задолжи Општина Куманово да ја продолжи постапката за издавање на Одобрение за градење во согласност со роковите дадени со Закон за градење.

Општина Куманово на ден 12.06.2023 год. до Државен инспекторат за градежништво и урбанизам достави допис Враќање на Записник со образложение, арх.бр.08-4669/6 од 09.06.2023 год., во кој го известуваат ДИГУ дека го враќат записникот непотпишан бидејќи не се согласуваат целосно со неговата содржината во која е опишана утврдената фактичка состојба при самиот увид при вршење на вонредниот инспекциски надзор, за што и приложуваат Изјава дадена од Секретарот на Општина Куманово, арх.бр.08-4669/5 од 09.06.2023 година. Од дополнително доставени списи може да се види дека Совет на Општина Куманово на 06.06.2023 година донел Одлука, бр.09-4569/3, за суспензија од применување на Детален урбанистички план за дел од Урбан блок 48 (дел 2) и за дел од У.Е. "Б.С. Гојчо" дел од Урбан блок 44, плански опфат помеѓу Бул. Трета МУБ, ул. Перо Чичо, ул.Прва Петолетка и ул.Миле Кипра – Општина Куманово (2018-2023) со тех.бр. 18/18 од јули 2021 изработен од ДУПИ Планерис Дооел увоз-извоз Куманово, донесен со Одлука бр.09-9525/41 од 28.12.2021 година, поради несомнена штета на јавниот интерес што е воочена во текот на спроведувањето на планот која би се зголемувала со неговото спроведување а произлегува од неговата спротиставеност со законот и прописите донесени врз основа на него и поради плански решенија чиишто штетни последици по јавниот интерес не биле воочени во постапката за негово донесување (чл.1 од Одлуката). Истотака Советот на општината донел Одлука за отпочнување на постапка за изработка на Детален урбанистички план за дел од Урбан блок 48 (дел 2) и за дел од У.Е. "Б.С. Гојчо" дел од Урбан блок 44, плански опфат помеѓу Бул.

Република Северна Македонија
**- Државен инспекторат за градежништво и урбанизам -**

Трета МУБ, ул. Перо Чичо, ул.Прва Петолетка и ул.Миле Кипра – Општина Куманово, бр.09-4569/4 од 06.06.2023 год. Во доставените списи е и Известувањето испратено до подносителите на Барањето за Одобрение за градење, ДПТУ УПМ-Груп Дооел и ТДВНППУ Хромак Емил Дооел увоз-извоз Куманово во која е наведено дека поради тоа што е донесена Одлука за суспензија од применување на Детален урбанистички план, бр.09-4569/3, и Одлука за отпочнување на постапка за изработка на Детален урбанистички план за дел од Урбан блок 48 (дел 2) и за дел од У.Е. "Б.С. Гојчо" дел од Урбан блок 44, плански опфат помеѓу Бул. Трета МУБ, ул. Перо Чичо, ул.Прва Петолетка и ул.Миле Кипра – Општина Куманово, бр.09-4569/4 од 06.06.2023 год., објавени во Сл. Гласник на Општина Куманово бр.09/23 од 07.06.2023 година, пресметката на висината на надомест за уредување на градежно земјиште во оваа фаза на постапување по Барање бр.21-УП1-4756/2022, не може да им биде доставена, со повикување дека е согласно ЗОУП. Ова Известување со одлуките заедно со пропратното писмо адресирано до Секторот за комунални работи, инфраструктура и сообраќај за заштита на животна средина и природата, бр. УП 21-4756/2022 од 09.06.2023 година, е прикачено во електронскиот систем, е-одобрение за градење, на 09.06.2023 год. и предметот е останат во таа фаза.

Градежен инспектор при Државен инспекторат за градежништво и урбанизам согласно чл.127 од Закон за градење (Сл.весник на РМ бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11,......... , 35/18, 64/18,168/18 и Сл.весник на РСМ бр. 244/19, 18/20, 279/20, 227/22) го доставува предметот на Ваша надлежност за постапување како надлежен орган за вршење на надзор над спроведувањето на Закон за градење и прописите донесени врз основа на овој закон од страна на Општина Куманово во врска со одлучувањето по предмет Барање за Одобрение за градење, бр.21-УП1-4756/2022, поднесена од ДПТУ УПМ-Груп Дооел и ТДВНППУ Хромак Емил Дооел увоз-извоз Куманово.

Прилог копии од:

- Достава на Дополна на Записник, арх.бр.09ип1-59 од 03.07.2023 год.
- Дополна на Записник, арх.бр.09ип1-59 од 05.06.2023 год.
- Враќање на Записник со образложение, арх.бр.08-4669/6 од 09.06.2023 год.
- Записник, арх.бр.09ип1-59 од 05.06.2023 год.
- Изјава, арх.бр.08-4669/5 од 09.06.2023 год.
- Одлука, бр.09-4569/3 од 06.06.2023 год.
- Одлука, бр.09-4569/4 од 06.06.2023 год.
- Известување, УП1 21-4756/20 од 09.06.2023 год.

ВЕРНО НА ОРИГИНАЛОТ

Со почит,

Самостоен градежен инспектор,

Република Северна Македонија
-Државен инспекторат за градежништво и урбанизам-

## Дополна на ЗАПИСНИК

за извршен инспекциски надзор
Арх.број 09ип1-59 од 05.06.2023 год.

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор:

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | Општина Куманово |
| Седиште/адреса на субјектот | |
| Адреса за е-пошта | |
| Телефон | |
| Матичен број на субјектот | |
| Даночен број на субјектот | |
| Број на жиро сметка на субјектот | |
| Банка депонент | |

| | | |
|---|---|---|
| Одговорно/и лице/а на субјектот: Градоначалник | | |
| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
| Максим Димитриевски | | |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН | **2. ВОНРЕДЕН** | 3. КОНТРОЛЕН |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | [05.06.2023] | Време на почеток на инспекцискиот надзор [чч.мм] | [11:00] |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | [07.06.2023] | Време на завршување на инспекцискиот надзор (чч.мм) | [16:00] |
| Назив на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | Општина Куманово | | |
| Главна дејност на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | 84.11 – Општи дејности на јавна управа | | |
| Адреса на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | | | |

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на (да се заокружи основот):

1. месечниот план за работа на инспекциската служба за месец _____, _____ година;
2. налог издаден од директор на инспекциската служба, бр.**01-432/1** од **05.06.2023** година;
3. налог издаден од претседателот на Инспекцискиот совет, бр. _____ од _________ година;
4. записник/решение за извршен инспекциски надзор број ______ од _________ година.

4) Инспекцискиот надзор е извршен од (име, презиме и вид на инспекторот/ите кој/и го извршил/е надзорот):

1. м-р Јетон Рустеми, Самостоен градежен инспектор
2. Наташа М. Велјаноска, Советник урбанистички инспектор
3. Јетон Буќи, Помлад градежен инспектор

5) Предмет на инспекцискиот надзор (да се опише што е предмет на надзорот, вклучувајќи го правниот основ од материјалниот закон и/или друг пропис):

1. Контрола над работата на сектор за урбанизам во врска со издавање на Одобрение за градење, број 21-уп1-4756 поднесено на 11.07.2022 год., во согласност со Закон за градење, чл.128 став 1 од Закон за градење (Сл.весник на РМ бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11,......... , 35/18, 64/18,168/18 и Сл.весник на РСМ бр. 244/19, 18/20, 279/20, 227/22).

6) Во извршувањето на овој инспекциски надзор:

1. Се употребени листи за проверка, кои се дадени во прилог и се составен дел на овој записник.
2. **Не се употребени листи за проверка, поради (да се објасни причината):**

– Согласно член 70 став 3 од Законот за инспекциски надзор, листите за проверка се задолжителни при редовниот инспекциски надзор, а не и кај вонредниот инспекциски надзор.

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| -Секретар на Општина Куманово | | |
| Раководител на сектор за урбанизам Лидија Ланг Спасовска | | |

8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, присутни беа и следните лица:

| | Име и презиме | Својство |
|---|---|---|
| 1. | | Претседател на совет на општина Куманово |

9) Инспекторот/ите кој/и го изврши/ја инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на претставникот на субјектот на надзор му ги презентираа целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и му ги објаснија правата и обврските на субјектот на надзор.

10) Во инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдена фактичка состојба:

Врз основа на спроведениот вонреден инспекциски надзор на ден 05.06.2023 година во Општина Куманово е изготвен Записник со арх.бр.09ип1-59 од 05.06.2023 година во кој се наведени неправилностите при издавање на одобрение за градење со бр.21-уп1-4756, воочени при вонредниот инспекцискиот надзор. На ден 08.06.2023 год. Записникот е испратен до општина Куманово на нивно запознавање и потпишување. На ден 12.06.2023 година Општина Куманово до Државен инспекторат за градежништво и урбанизам достави допис Враќање на Записник со образложение, арх.бр.08-4669/6 од 09.06.2023 год., во кој го известуваат ДИГУ дека го враќат записникот непотпишан бидејќи не се согласуваат целосно со неговата содржината во која е опишана утврдената фактичка состојба при самиот увид при вршење на вонредниот инспекциски надзор, за што и приложуваат Изјава дадена од Секретарот на Општина Куманово, Александар Гелевски, арх.бр.08-4669/5 од 09.06.2023 година. Градежен инспектор при Државен инспекторат за градежништво и урбанизам стои зад утврдената фактичка состојба од увидот на лице место наведено во Записник со арх.бр.09ип1-59 од 05.06.2023 година. Податоците за тоа во која фаза е предметот за издавање на одобрение за градење, бр.21-уп1-4756, се добиени при службениот разговор со Секретарот на Општина Куманово во присуство на службените лица од Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, наведени во Налог за вршење на вонреден инспекциски надзор. За тоа дека не се потпишува пресметката на висината на надомест за уредување на градежно земјиште од страна на градоначалник заради општо добро, го дознавме од разговорот со секретарот. Истотака при истиот разговор дознавме дека Државен управен инспекторат истотака има вршено инспекциски надзор за истиот предмет, и при разговорот секретарот на општината подигна од работната маса плико-писмо и коментарот од страна на секретарот беше "сигурно е платниот налог од управна инспекција". Истотака во врзан разговор за налогот, секретарот прокоментира дека градоначалникот "ќе го плати".

Од дополнително доставени списи може да се види дека Совет на Општина Куманово на 06.06.2023 година донел Одлука, бр.09-4569/3, за суспензија од применување на Детален урбанистички план за дел од Урбан блок 48 (дел 2) и за дел од У.Е. "Б.С. Гојчо" дел од Урбан блок 44, плански опфат помеѓу Бул. Трета МУБ, ул. Перо Чичо, ул.Прва Петолетка и ул.Миле Кипра – Општина Куманово (2018-2023) со тех.бр. 18/18 од јули 2021 изработен од ДУПИ Планерис Дооел увоз-извоз Куманово, донесен со Одлука бр.09-9525/41 од 28.12.2021 година, поради несомнена штета на јавниот интерес што е воочена во текот на спроведувањето на планот која би се зголемувала со неговото спроведување а произлегува од неговата спротиставеност со законот и прописите донесени врз основа на него и поради плански решенија чиишто штетни последици по јавниот интерес не би воочени во постапката за негово донесување (чл.1 од Одлуката). Истотака Советот на општина донел Одлука за отпочнување на постапка за изработка на Детален урбанистички план за дел Урбан блок 48 (дел 2) и за дел од У.Е. "Б.С. Гојчо" дел од Урбан блок 44 ...

Во доставените списи е и Известувањето испратено до подносителите на Барањето за Одобрение за градење, ДПТУ УПМ-Груп Дооел и ТДВНППУ Хромак Емил Дооел увоз-извоз Куманово во која е наведено дека поради тоа што е донесена Одлука за суспензија од применување на Детален урбанистички план, бр.09-4569/3, и Одлука за отпочнување на постапка за изработка на Детален урбанистички план за дел од Урбан блок 48 (дел 2) и за дел од У.Е. "Б.С. Гојчо" дел од Урбан блок 44, плански опфат помеѓу Бул. Трета МУБ, ул. Перо Чичо, ул.Прва Петолетка и ул.Миле Кипра – Општина Куманово, бр.09-4569/4 од 06.06.2023 год., објавени во Сл. Гласник на Општина Куманово бр.09/23 од 07.06.2023 година, пресметката на висината на надомест за уредување на градежно земјиште во оваа фаза на постапување по Барање бр.21-УП1-4756/2022, не може да им биде доставена, со повикување дека е согласно ЗОУП.

Ова Известување со одлуките заедно со пропратно писмо адресирано до Секторот за комунални работи, инфраструктура и сообраќај за заштита на животна средина и природата, бр. УП 21-4756/2022 од 09.06.2023 година, е прикачено во електронскиот систем на 09.06.2023 год. и предметот е останат во таа фаза.

Поради новата настаната ситуација, нови факти и околности, која е различна од денот на вршењето на вонредниот инспекциски надзор на ден 05.06.2023 година, Градежен инспектор при Државен инспекторат за градежништво и урбанизам согласно чл.127 од Закон за градење ќе го достави предметот на надлежност за постапување до Министерство за транспорт и врски за вршење на **надзор над спроведувањето на Закон за градење и прописите донесени врз основа на овој закон од страна на Општина Куманово во врска со одлучувањето по предмет Барање бр.21-УП1-4756/2022.**

Предметот ќе се достави на надлежност за постапување до Министерство за транспорт и врски, чл.127 од Закон за градење, поради тоа согласно чл.83 став 5 од Закон за инспекциски надзор градежен инспектор со овој записник ја **ЗАПИРА** покренатата инспекциска постапка.

– врз основа на која (да се заокружи само едно):

1. не се утврдени никакви неправилности во работењето на субјектот на надзор;
2. утврдени се следните неправилности во работењето на субјектот на надзор, за што се преземени следните мерки:

11) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба, е запознаен субјектот на надзор (претставникот на субјектот на надзорот) , кој НЕМАШЕ/ИМАШЕ забелешки.

12) Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор: | | Печат и потпис на инспекторот: | |
| Датум: | | Датум: | 03.07.2023 год. |

Доколку претставникот на субјектот на надзор одбие да го потпише записникот, да се наведат причините.

ВЕРНО